## Култура



„Јас Исидора“ е претстава што долго се задржа на репертоарот на МОБ. Тоа е вистинска реткост на нашата сцена. Очекувањата од новата балетска претстава „Врати“ се исто толку големи. Клучните состојки за сценска долговечност, според Панго, најмногу зависат од публиката. Дали ќе ја прими претставата како што треба и дали ќе ѝ се допадне

# Олга Панго со нова балетска претстава

Пет години по последната авторска претстава „Јас Исидора“, која континуирано се изведува на репертоарот на Македонската опера и балет, кореографката **Олга Панго** најавува нова балетска премиера со наслов „Врати“. Првата изведба на новото кореографско дело на Панго е во вторник на Малата сцена на МОБ.

- Точно е дека направив подолга пауза, и тоа од неколку причини. Пред сè непосредно по „Јас Исидора“ станав мајка и тоа малку ме оддалечи од работата. Но во овие пет години доста работев на полето на драмата, операта и мјузиклот. Значи работев постојано и чекав да ми созрее идејата за нова претстава - вели Панго.

Според неа, многу работи треба да се сложат во мозаикот за да се избориш за претстава на нашата балетска сцена.

- Треба да веруваш во себе, секогаш цврсто да стоиш зад тоа што го работиш. Да бидеш храбар и со интегритет - вели таа.

Новата претстава „Врати“ има целосно модерна структура, која вклучува неколку медиуми - танц, драма, пеење и видео. Идејата и кореографијата се нејзини авторски дела, драматуршкиот дел и режијата на **Наташа Поплавска**, музиката е на **Џенгис Ибрахим**, а костимите ги изработи **Марија Пупучевска**. Во „Врати“ играат **Наташа Николова, Драган Коцевски, Маја Митро-**

човек, кој е женет. Драматуршката матрица е погрешна љубов и сите реперкусии што произлегуваат од тоа - вели Панго.

Претставите што ги работи на македонската балетска сцена иако се реализираат во рамките на институциите, всушност претставуваат независни авторски танцови проекти.

- За да се деинституционализира танцот треба да постојат соодветна инфраструктура, пари и многу, многу голема верба и желба да се издржи тој процес на транзиција, кој е многу долг и макотрпен - вели Панго.

„Јас Исидора“ е претстава што долго се задржа на репертоарот на Македонската опера и балет. Тоа е вистинска реткост на нашата сцена. Очекувањата од новата балетска претстава се исто толку големи. Клучните состојки за сценска долговечност според Панго најмногу зависат од публиката. Дали ќе ја прими претставата како што треба и дали ќе ѝ се допадне.

- „Јас Исидора“ веќе пет години се игра на сцената на МОБ, на мое големо задоволство. Секоја претстава е полна, луѓето ја сакаат оваа претстава. Очекувам „Врати“ да го има истиот успех, бидејќи е интересна балетска претстава, со многу силна драматуршка матрица блиска до народот. Специјален рецепт за да се одржи една претстава на сцената и да биде успешна нема, но, според мене, најдобро е кога таа комуни-

# Олга Панго со нова балетска претстава

Пет години по последната авторска претстава „Јас Исидора", која континуирано се изведува на репертоарот на Македонската опера и балет, кореографката **Олга Панго** најавува нова балетска премиера со наслов „Врати". Првата изведба на новото кореографско дело на Панго е во вторник на Малата сцена на МОБ.

- Точно е дека направив подолга пауза, и тоа од неколку причини. Пред сè непосредно по „Јас Исидора" станав мајка и тоа малку ме оддалечи од работата. Но во овие пет години доста работев на полето на драмата, операта и мјузиклот. Значи работев постојано и чекав да ми созрее идејата за нова претстава - вели Панго.

Според неа, многу работи треба да се сложат во мозаикот за да се избориш за претстава на нашата балетска сцена.

- Треба да веруваш во себе, секогаш цврсто да стоиш зад тоа што го работиш. Да бидеш храбар и со интегритет - вели таа.

Новата претстава „Врати" има целосно модерна структура, која вклучува неколку медиуми - танц, драма, пеење и видео. Идејата и кореографијата се нејзини авторски дела, драматуршкиот дел и режијата на **Наташа Поплавска**, музиката е на **Џенгис Ибрахим**, а костимите ги изработи **Марија Пупучевска**. Во „Врати" играат **Наташа Николова, Драган Коцевски, Маја Митровска, Билјана Пасариковска, Лиле Миленковска, Марина Георгиева, Агим Бафтии** и **Стефан Коцевски**.

- Идејата е земена од секојдневниот живот, една девојка се вселува во ново соседство, се вљубува во погрешен човек, кој е женет. Драматуршката матрица е погрешна љубов и сите реперкусии што произлегуваат од тоа - вели Панго.

Претставите што ги работи на македонската балетска сцена иако се реализираат во рамките на институциите, всушност претставуваат независни авторски танцови проекти.

- За да се деинституционализира танцот треба да постојат соодветна инфраструктура, пари и многу, многу голема верба и желба да се издржи тој процес на транзиција, кој е многу долг и макотрпен - вели Панго.

„Јас Исидора" е претстава што долго се задржа на репертоарот на Македонската опера и балет. Тоа е вистинска реткост на нашата сцена. Очекувањата од новата балетска претстава се исто толку големи. Клучните состојки за сценска долговечност според Панго најмногу зависат од публиката. Дали ќе ја прими претставата како што треба и дали ќе ѝ се допадне.

- „Јас Исидора" веќе пет години се игра на сцената на МОБ, на мое големо задоволство. Секоја претстава е полна, луѓето ја сакаат оваа претстава. Очекувам „Врати" да го има истиот успех, бидејќи е интересна балетска претстава, со многу силна драматуршка матрица блиска до народот. Специјален рецепт за да се одржи една претстава на сцената и да биде успешна нема, но, според мене, најдобро е кога таа комуницира со публиката и кога е наградена со големо ракоплескање. Добрата уметност е степенот на комуникација меѓу делото и публиката. Колку е повисок, толку повеќе комуницира - вели Панго.

А.Д.